Архивски број: 08-55/1
10-01-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-859/1 од 21.12.2023 година поднесена од [redacted] од Скопје, преку полномошник адвокатка [redacted] од Скопје, против Македонска радио телевизија за извршена дискриминација врз основа на физичка попреченост во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 9.1.2024 година, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-859/1 од 21.12.2023 година, поднесена од [redacted] од Скопје, преку полномошник адвокатка [redacted] од Скопје, против Македонска радио телевизија за извршена дискриминација врз основа на физичка попреченост во областа на работата и работните односи, **поради ненавременост.**

**Образложение**

На ден 21.12.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] од Скопје, преку полномошник адвокатка [redacted] од Скопје, против Македонска радио телевизија (“**МРТ**”) за извршена дискриминација врз основа на физичка попреченост во областа на работата и работните односи.

Во претставката е наведено дека лицето [redacted] е пензионер на 64 годишна возраст, кој бил вработен во Македонската радио телевизија и притоа целиот свој работен век бил дискриминиран врз основа на неговиот физички инвалидитет. Тој се вработил во Македонската радио телевизија и стапил на работно место Помлад секретар по режија на 16.3.1982 година, со тогаш завршено средно гимназиско образование. Се пензионирал на 27.3.2023 година како секретар- асистент на режија, односно од истото работно место на кое бил вработен во 1981 година. Притоа се наведува дека уште при вработувањето тој бил инвалид со 80% инвалидитет кој настанал како последица на сообраќајна несреќа.

Согласно наводите од претставката, [redacted] низ целиот работен век секогаш се однесувал коректно и законски, извршувајќи ги задачите исто како и секој друг вработен, но и покрај тоа тој никогаш не бил унапреден во работата, без оглед на систематизациите, од причина што бил инвалид. Имено, за да може да напредува, тој завршил Педагошка академија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, односно дипломирал на 25.12.1985 година и се стекнал со степен на образование VI/1- наставник по македонски и српско-хрватски јазик. Иако ја приложил дипломата за завршено високо образование, тој никогаш не напредувал, со што тврди дека МРТ постапила дискриминаторски кон него, недозволувајќи му да биде рамен со сите други вработени кои се дообразувале и напредувале на своите работни места, а притоа за истото не постоела оправдана причина.

Дополнително, се наведува дека во актите за организирање на работата и работните места на МРТ воопшто не постојат одредби за лица со инвалидитет, па оттука тој морал да доаѓа на работа во

6:30 часот наутро, иако работодавачот знаел дека има потешкотии и тој самиот доставил допис со кој барал ова да се прилагоди согласно неговата здравствена состојба. МРТ го игнорирала ваквото барање и дополнително дисциплински го казнила [redacted], со цел да го деградира и обесхрабри.

Понатаму се наведува дека службено бил праќан на терен без возило, па бил приморан да користи сопствено возило прилагодено за инвалиди, за што не добивал посебна награда или било каков надоместок. Имајќи го ова предвид, МРТ не преземала соодветни мерки за да ги прилагоди нормалните процедури, процеси или инфраструктури на работа, со цел да му овозможи на лицето со инвалидитет еднаков пристап и учество до и во работното место.

Последно, од 2012 година тој работел на две работни места: секретар и асистент по режија, без да се води сметка за неговиот инвалидитет, бидејќи доколку не прифател и не потпишел, ќе останел без работа. За ова тој поднел Приговор на договор за вработување бр. 08-5223/1 од 22.10.2012 година.

Согласно законската одредба од член 24 став 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*„Претставката може да се поднесе најдоцна во рок од шест месеци од дознавањето за актот на дискриминација или најдоцна една година од денот кога била сторена повредата."*

Имајќи ја предвид горенаведената фактичка состојба и цитираната законска одредба, за поднесување на претставката не се запазени ниту субјективниот, ниту објективниот рок, односно станува збор за минати дејствија за кои подносителот дознал пред повеќе од шест месеци и од кои е изминато повеќе од една година.

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли оваа претставка поради ненавременост.

Скопје
10.1.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk